# Македонски информативен центар за животна средина

# Извештај за работа за 2013 година

Скопје, 16.01.2013

# Извештај за работа на Македонски информативен центар за животна средина за 2013 година

## ВОЗДУХ

### Државен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух

Одржување на 17 мониторинг станици и 6 нисковолуменски и 4 високоволуменски семплери кои служат за одредување на концентрацијата на суспендирани честички со големина до 10 микрометри и тешки метали во воздух, во согласност со расположливите резервни делови. Имено, во текот на целата 2013 година имавме недостаток на резервни делови.

Од крај на месец септември 2013 година, поради дефект на службеното возило Land Rover Defender SK 944NR, одржувањето се вршеше отежнато.

### Калибрациона лабораторија

Калибрација на анализатори се вршеше со статички калибрационен систем и секундарен динамички калибрационен систем.

Во текот на месец септември 2013 сервис инженерите од калибрационата лабораторија земаа учество во интерлабораториски компаративни мерења во Ланген, Германија.

### Административни документи

Изготвување на оперативна годишна програма за работа на ДАМСКАВ, Стандардни оперативни процедури за работа на ДАМСКАВ, Годишна листа на резервни делови потребни за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух и калибрациона лабораторија, Годишна листа на неопходни гасни смеши за калибрација за потребите на ДАМСКАВ и калибрационата лабораторија, Спецификација за годишно осигурување на системот, Годишен план за одржување и сервисирање на државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух, ревизија на пасош за секоја мониторинг станица посебно.

### Обработка на податоци

- Валидација, анализа и соодветна обработка на податоците од мониторинг станиците во базата на податоци од AIRVIRO системот.
- Подготовка на информации за web порталот за воздух
- Прибирање обработка и анализа на податоци за квалитет на амбиентниот воздух добиени од Центрите за јавноздравје,од поединечни извори на емисија кои го следат квалитетот на воздухот (ОКТА; РЕК Битола, ТЕЦ Осломеј и мерења од централната лабораторија)

- Прибирање, обработка и анализа на податоци за емисии во воздухот, добиени од големите согорувачки извори, металуршките и индустриските инсталации, како и сите останати кои вршат самомониторинг на емисиите
- Обработка на податоците за квалитет и емисии во воздухот во форма за потребите на: Статистички извештаи и потребите на Управата за животна средина (Одделение за ИСКЗ)при подготовката и издавањето на А-ИСКЗ дозволите.
- Анализа и обработка на податоци со цел дефинирање на горните граници – плафони на поедини загадувачки супстанци за емисиите во воздухот

### Моделирање

- Обработка на векторски податоци од моделирање на квалитет на воздух за Скопје потребни подготовка на web страната на која се претставуват податоци за квалитетот на животна средина од страна Агенција за катастар на недвижности на РМ

### Законска регулативаза воздух

Подготвени и донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за критериумите, методите и постапките за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух: во кој се транспонирани одредби од мерките 32008L0050 и 32004L0107, („Службен Весник на РМ“ бр.169/2013).
- Подготовка на Правилникот за измени и дополнувања на Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на планот за квалитет на воздух, согласно ЕУ мерката 32008L0050, кој е во фаза на донесување.
- Започната е подготовкана Правилник за детална содржина и начинот на подготвување на краткорочните акциони планови, и истиот треба да биде завршен до Март 2014 година.
- Учество во подготовката на Законот за испарливи органски соединенија

### Конвенцијата за прекугранични пренос на аерозагадувањето - CLRTAP

- Учество во работните тела на конвенцијата, со предлози за подобрување на документите на конвенцијата (промена и дополна на протоколите кон Конвенцијата) и ревизија на материјали-извештаи од работењето на поедини експертски групи (работна група ревизија и преглед, за инвентаризација, за моделирање, за тешки метали, за техно-економски аспекти на загадувањето) и на извршното тело на Конвенцијата.
- Во однос на активностите кои ги презема Република Македонија во однос на Конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето на 32от состанок на Извршното тело беше одлучено да се прифатат предложените вредности за горните граници – плафони за Анекс II од Гетеборгшкиот

протокол и Анекс II од Протоколот за сулфур од 1994 година за Република Македонија. Со усвојувањето на Анекс II од Гетеборгшкиот протокол Македонија стана рамноправна и прва членка на овој протокол од земјите во развојкоја не е членка на ЕУ.

- Подготовка на емисии по ЕМЕП грид (50x50 km) од стационарни извори

ИНТЕРСЕКТОРСКА ГРУПА ЗА ВОЗДУХ

- Одржани два состанока на Интерсекторската работна група за воздух (јуни и ноември)
- Подготовка на материјали, презентации, записници, извештаи и информации до Влада од работата на ИРГ

КОМИТЕТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ

- Акциски план со долгорочни мерки за заштита на воздух
- Информација за текот на Твининг проект "Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот"
- Информација за акредитација на калибрационата лабораторија
- Информација за методи на мерење на суспендирани честички со големина до 10 микрометри
- Информација за правните мерки за воведување на посебен сообраќаен режим во градот Скопје во услови кога има зголемено количество магла
- Информација за број на денови со надминат праг на алармирање за PM10 со цел намалување на цената на возните билети
- Информација за испитување на можноста дали има фиксни филтри за намалување на загаденоста на воздухот, кои може да се инсталираат на местата од кои се испушта фугитивната прашина
- Информација за дефинирање на мерки за намалување на PM10 во воздухот
- Информација за акредитација на лабораториите во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање

ПОТКОМИТЕТ ЗА ТРАНСПОРТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА, ЕНЕРГЕТИКА И РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

**Медиум воздух**

- Учество на 9ти состанок на Покомитет за животна средина
- Подготовка на квартални извештаи
- Подготовка на други извештаи и статус на активности

ПРОЕКТИ

ПРОГРЕС МОНИТОРИНГ

- Подготовка на коресподентни табели и имплементациони табели за директивите (2001/81/ЕЦ, 2008/50/ЕЦ,2004/107/ЕЦ) - циклус 8.

**Идни проекти**

**Твининг проект "Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот" – IPA TAIB 2012**

Во насока на продолжување на активностите за управување на квалитет на воздухот во Министерството за животна средина во рамките на програмата IPA за 2012 година во областа на воздухот во последниот квартал од 2014 година се планира започнување на Твининг проектот со наслов "Понатмошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот" со времетраење од 2 години. Во проектот ќе биде вклучен и Институт за јавно здравје со цел оценка здравствените ефекти од аерозагадувањето. Од страна на МЖСПП подготвено е Твининг фише со предлог активности и истото е проследено до Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).

## ВОДА

1. **Собирање и обработка на податоци на вода како медиум на животната средина и земјоделието во Република Македонија**

Собирање, обработка и презентирање на податоците од државната мониторинг мрежата за води и тоа за:

- за хидролошка состојба на реките и езерата од мониторинг мрежата на УХМР
- квалитативната состојба на реките од РИМСИС во рамките на УХМР,
- квалитативната состојба на Охридското Езероод истражувачките дејности на ХБЗ
- *физичко-хемиски и микробиолошка исправност на водитенаменети за капење, наводнување и напојување на стока, спроведено согласно за* Планот за мониторинг на ИЈЗи нејзините регионални центри.

2. **Собирање и обработка на податоци за емисии во вода како медиум на животната средина и земјоделието во Република Македонија**

Собирање, обработка и презентирање на податоците од самомониторингот на Компании кои доставуваат податоци до МИЦЖС.

## ОТПАД, ПОЧВА И ЗЕМЈОДЕЛИЕ

**Анализа и обработканаподатоци**

Собирање, обработка и анализанаподатоци и информацииза: опасен отпадодиндустрискиконтаминиранителокалитети-жешкиточки, како и другиправни и физичкилицакоисоздават опасенотпад, комунален и друг вид нанеопасенотпадодопштините, медицинскиототпад и отпад од пакување и отпадни батерии и акумулатори. Во делот за земјоделие обработени се податоци за површини со органско земјоделство, употреба на минерални ѓубрива и употреба на средства за заштита на растенијата.

**Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинување**

- Во тек е проект за изработка на Национална акциона програма за борба против сушата и опустинувањето.
- Подготовка и учество на Конференцијата за наука и технологија и Комитетот за ревизија на имплементацијата на UNCCD Конвенцијата, кои се одржаа во Бон, Германија.

## БУЧАВА

**Обработка на податоци**

Прибирање обработка и анализа на податоци за бучава во животната средина добиени од Центрите за јавно здравје во Битола, Кичево и Куманово, кои вршат проценка на штетното влијание на комуналната бучава врз експонираното население на повеќе мерни места, работни состаноци со институциите и општините надлежни за изработка на стратешки карти. Учество на редовен работен состанок за бучава во ЕЕА.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

- Обезбедувањемрежнисервиси (LAN и WAN)запотребитенаМинистерствотозаживотнасредина и просторнопланирање
- Network/end-user сервисинасителокациинаМинистерството
- Обезбедување e-mail сервис и поддршка за сите вработени во МЖСПП
- Обезбедување централизирана заштита од компјутерски вируси со антивирусен пакет Kaspersky Security.
- EIONET TELEMATIC - Европска мрежа за информирање, набљудување и размена на информации за животната средина на Европската агенција за животна средина

- Проект www.uslugi.gov.mk
- Техничка поддршка за користење на веб апликациите за Електронска седница за подготовка и доставување на информации за Владините седници
- Администрација на опрема за имплементација на Single Window проектот на Царинската Управа на РМ
- Администрирање и техничка поддршка на document management system (ДМС)
- Администрирање на Web порталот на МЖСПП
- Администирирање на портал за квалитет на воздухот airqualty.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за wastemanagamentewmis.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за биодиверзитет nbis.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за мали хидроцентрали shpp.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за регистар на загадувачи prtr.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за електронско издавање на дозволи за отпад wme.moepp.gov.mk
- Мониторинг на email поштата на МЖСПП infoeko
- Администрирање и техничка поддршка на EXIM системот
- Инсталација на апликација Микроучење
- Техничка подготовка на Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина во 2012 г.
- Техничка подготовка на ИНДИКАТОРИ во животната средина за 2012 (македонска и англиска верзија)
- Активности на ИТ одделението како дел од работната група за open data проектот на МИОА, по предлог на Министерот за животна средина и просторно планирање

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН КАТАСТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Испратени прашалници до поголемите индустриски субјекти лоцирани во Скопје и Битола после што следеше собирање и обработка на тие податоци со цел ажурирање на податоците од Катастарот.

Обработка на постоечките податоците од катастарот за потребите не Државната ревизија.

### Протокол за регистри за испуштање и преносување на загадувачки материи - ПРТР

*Во рамките на Проектот за ПРТР - Зајакнување на административните капацитетите за имплементација на Архуската конвенција и подршка за развој на ПРТР во земјите на југоисточна Европа се извршија следниве активности:*

- *Изработен е веб портал за ПРТР, кој овозможува пристап на јавноста до податоците од Регистарот.*

*Изработен е извештај за статусот на имплементација на ПРТР Протоколот во Македонија, и истиот е доставен до Сектретаријатот на УНЕЦЕ.*

## GLOBE ПРОГРАМА

- Ревизија на вебот за GLOBE Програмата и ажурирање на делот за GLOBE во Македонија на страната на GLOBE интернационал
- Пополнување на годишен прашалник на барање на GLOBE интернационал
- Учество на годишна GLOBE конференција на националните координатори.

## ИЗВЕШТАИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

### ИЗВЕШТАИ И ИНФОРМИРАЊЕ

- Секојдневно подготвување на информација за квалитет на воздух согласно податоците добиени од ДАМСКАВ, која се доставува до Градскиот центар за известување и тревожење и до Собрание на Град Скопје, подготвка на месечни извештаи од добиените податоци од ДАМСКАВ,
- Подготовка на годишен извештај од обработени податоци за  сите медиуми на животната средина, изработка на карти со геоориентирани податоци од сите медиуми на животната средина, информирање на физички и правни лица на нивно барање засостојбата со одредени медиуми и области во животната средина.
- Иработен ТОР за Извештај за состојба на животната средина во Република Македонија
- Доставување на податоци за управување со отпадот до ДЗС.

### ИНДИКАТОРИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Ревизија и публикување на индикаторите на Република Македонија.
- Подготовка на индикатори за проектот SENSE 2.

### СТАТИСТИКИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА 2013

- Во соработка со Државниот завод за статистика изработена е и публикувана публикацијата Статистики на животната средина 2013

### ЛИСТА НА ПОКАЗАТЕЛИ

Активности за финализирање на изработкатана Листата на показатели за секој показател поединечно, одржани состаноци и консултации со релевантните институции.

### ПРОГРАМА ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Изработена прва нацрт верзија на Програмата за мониторинг на животна средина.

## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

### ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛАДА

- Информацијаза состојбата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух
- Извештај за мерењата на квалитет на воздух за 2013 година на поедини мерни локации и предлог мерки за надминување на состојбата
- Информација за состојбата со квалитет на амбиентниот воздух за 2013 година и предлог мерки за надминување на состојбата
- Информација за расположливи финасиски средства за секторот квалитет на воздух
- Информација со предлог-модел за акредитација на лабораториите во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел користење на постојните кадри
- Информација во врска со почестите мерења на квалитетот на воздухот на пунктовите во Скопје и другите мерни единици во Република Македонија
- Информација за одржан состанок на Интерсекторската работна група за воздух и предлог мерки за заштита на воздухот
- Мислење од МЖСПП во врска со информацијата од страна на пратеникот Јани Макрадули од ден 17.12.2013.

### НПАА

- Континуирано неделно ажурирање на матрицата за квалитет на воздух, подготовка на месечни извештаи за 2013 година
- Ревизија на НПАА во областа на Квалитетот на воздух за период 2014-2016 година
- Редовно ажурирање на матрицата за делот хоризонтала.

### ИНФОРМАЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНИТЕ ОД НАДЛЕЖНОСТ НА МЖСПП

- Врз основа на заклучок на Владата на РМ, за секој закон пополнети се табеларни прикази за степенот на имплементација на секој член од законите во надлежност на МЖСПП поедичено.

ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТИ - ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Воведување на европските стандарди и ИСО методите, со метод на индосирање (превод и технички корекции на насловите на стандардите) при што се додава ознаката МК наместо ЕН.Техничките комитети ги преведуваат и усогласуваат насловите на стандардите, подготвуваат програма на работа и листа на приоритизација на усвојување на стандарди за соодветните области.

ВОВЕДУВАЊЕ НА ИСО 9001

Пополнување образец со процеси и подпроцеси за секој провцес поединечно за воведување ИСО 9001 стандард во работата на Министерството.

СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА АГЕНЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ

Соработката на МИЦЖС со ЕЕА продолжува во рамки на EIONET мрежата на експерти и согласно повеќегодишната програма за работа на ЕЕА. Националните тематски експерти од Република Македонија, координирани од МИЦЖС, учествуваа во редовните EIONET тематски активности, усогласени од страна на Европските Тематски Центри. Националните номинирани експерти, редовно учествуваа и во програмските активности кои произлегуваат од ИПА проектот за учество на земјите од Западен Балкан во редовните активности на ЕЕА - процес со кој континуирано се овозможува продолжување на јакнењето на националните капацитети за ефикасно исполнување на обврските и барањата на ЕЕА.

**Известување кон ЕЕАи UNECE - воздух**

- Ажурирање на CORINAIR инвентарот по сите сектори за 2011 и 2012 година и рапортирање на истите до ЕЕА и UNECE/CLRTAP
- Испраќање на CORINAIR инвентар за 1990 година за сите загадувачки супстанци, 1987заNOx, 1988 за NMVOC
- Известување во однос на барањата на UNFCCC
- Податоците за квалитет на воздух се испратени до ЕЕА (Европската агенција за животна средина) - Европскиот тематски центар за воздух и климатски промени во формат DEM (Data Exchange Module) во базата на податоци (AIRBASE)
- Обработка на податоците за озон, од април до септември и доставување до ЕЕА - Европскиот тематски центар за воздух и климатски промени.

**Известувања кон ЕЕА - вода**

- **Квалитет на реки** - Обработка на податоци за реперезантивните, референтните, флуксните, импакт и поголемите мерни места на: реките(податоци за мониторинг станиците за кои се известува, податоци за

концентрација на нутриенти, податоци за кислородни показатели, податоци за опасни и штетни супстанции, податоци за прокси притисок).

- **Квалитет на езера** - Обработка на податоци за реперезантивните, референтните, флуксните, импакт и поголемите мерни места на Охридско Езеро (податоци за мониторинг станиците за кои се известува, податоци за концентрација на нутриенти, податоци за кислородни показатели, податоци за прокси притисок и биолошкиот квалитет на езерата).
- **Квалитет на подземни води** - Обработка на податоци за реперезантивните, референтните, флуксните, импакт и поголемите мерни места на: подземните води(податоци за мониторинг станиците за кои се известува, податоци за концентрација на нутриенти, податоци за кислородни показатели, податоци за опасни и штетни супстанции.
- **Квантитет на вода** - Обработка на податоци за референтните, флуксните, мерни места согласно барањата на WISE – SoE Water Quntityна :
  - **Реки** - податоци за мониторинг станиците за кои се известува, податоци за средногодишен, средномесечен и среддноневен, максимален и минимален проток на реките).
  - **Подземни води**- податоци за мониторинг станиците за кои се известува и податоци за средногодишна, средномесечна, максимална и минимална вредност на нивото на подземни води
  - **Дождомерни станици**- податоци за мониторинг станиците за кои се известува и податоци за средногодишно, максимално и минимално количество на дождовна вода
  - **Акумлации**– општи податоци за акумулациите за кои се известува и податоци за средномесечни и средногодишни количини на води кој дотекуваат и истекуват од акумулациите (in/outflow)
  - **Апстрахирана и користена вода** - податоци за годишна количина на апстрахирана и користена вода по NACE на ниво на држава.
- **Емисии во вода** - Обработка на податоци од емиисиите во вода од поголемите индустриски субјекти од Скопје и Битола (податоци од само мониторингот на индустриските субјекти за кои се известува, податоци за концентрација на нутриенти, податоци за кислородни показатели, податоци за опасни и штетни супстанции, податоци за прокси притисок).

**Известување кон ЕЕА - отпад**

- Изготвена публикација-Управување со комунален во Република Македонија.

**Известување кон ЕЕА - биодиверзитет**

Известување за националните заштитени подрачја во Република Македонија - CDDA-база во март 2013 година.

**Известување кон ЕЕА - бучава**

Пополнување на прашалниците на ЕК за бучава во животната средина со податоци од Македонија.

**Активности во работната група на UNECE во женева**

Подготовка на Преглед на состојбата во земјата и пополнување на податоци за индикатори согласно темплејтот на UNECEза сите медиуми и области на животната средина.

ОДГОВАРАЊЕ НА БАРАЊА ВРЗ ОСНОВА НА АРХУСКА КОНВЕНЦИЈА

Анализа и подготовка на извештаи за да се одговори на барањата на јавноста.

Раководител на сектор
Светлана Ѓорѓева